Врз основа на Законот за заштита на личните податоци (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 42/20) и Правилникот за безбедност на обработка на личните податоци (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 122/20), Директорот на Приватна агенција за вработување ФОРТУНА СКТ Скопје, со ЕМБС 7660464 (во понатамошниот текст само „Контролорот“), на ден 06.11.2025 година ја донесе следната:

# ИЗЈАВА
# за приватност за отстапени вработени

Контролорот е свесен за своите обврски согласно Законот за заштита на личните податоци (во натамошниот текст: „ЗЗЛП“) и е целосно посветен на безбедната и транспарентната обработка на вашите лични податоци. Оваа изјава за приватност ги потврдува, во согласност со ЗЗЛП, видовите на податоци што ги чуваме за вас како вработен кај нас а при тоа сте работник отстапен на работа кај работник корисник. Исто така, таа образложува како ги користиме вашите податоци, колку долго ги чуваме и други релевантни информации за вашите податоци.

Оваа Изјава се однесува на сегашните и поранешните отстапени вработени.

## Податоци за контролорот

Согласно ЗЗЛП, Контролорот ги утврдува целите и начинот на обработка на вашите податоци.

Податоци за контакт:
*Приватна агенција за вработување ФОРТУНА СКТ Скопје*
*ул. Стојка Цекова бр. 62, Скопје*
*Р. Северна Македонија*
*Е-маил: fortunaskt@fortunaskt.mk*

## Начела за заштита на личните податоци

Во однос на вашите лични податоци, ние ги:

- Обработуваме согласно со закон, во доволна мера и на транспарентен начин;
- Собираме вашите лични податоци само за цели кои сметаме дека се соодветни во текот на вашето работење кај Контролорот и кај Работникот корисник каде сте отстапени да работите, и на начин на кој со оваа и со други политики ви е објаснето;
- Користиме само на начин за кој ве информираме при собирање на податоците;
- Обезбедуваме дека се точни и ажурирани;
- Чуваме само онолку колку што ни наложува законот, односно онолку колку што ни е потребно за исполнување на законските и договорните обврски со вас и договорните односи со правното лице во кое сте отстапени;
- Обработуваме на начин што обезбедува дека нема да се користат за друга цел за која не сте информирани или не сте се согласиле (кога тоа е возможно и соодветно) и нема да бидат изгубени или уништени.

## Лични податоци кои ги обработуваме

Врз основа  на Законот за евиденции од областа на трудот, Законот за работните односи, Законот за приватните агенции за вработување, како и за исполнување на договорните обврски со релевантните субјекти на личните податоци, Контролорот за вас, како субјект на личните податоци, меѓу другото, ги обработува следните категории на лични податоци:

1. **За целите на склучување договор за вработување:**
   - Име и презиме;
   - ЕМБГ;
   - Адреса;
   - Контакт информации (број на телефон, e-mail);
   - Образование и други квалификации;
   - Податоци за работниот стаж и работното искуство;
   - Работно место;
   - Податоци за приходи по основ на плата и надоместоци од плата;
   - Број на сметка во банка;

2. **За целите на подготовка и исплата на плата:**
   - Име и презиме;
   - ЕМБГ;
   - Општина на живеење;
   - Податоци за приходи по основ на плата и надоместоци од плата;
   - Број на сметка во банка;
   - Податоци за работниот стаж.

   Генерирани лични податоци:

   Износ на бруто и нето плата, Износ на придонеси, Износ на данок на личен доход

   Износ на надоместоци и додатоци, Работни часови, отсуства, прекувремена работа

   Вкупен износ за исплата

3. **За целите на регрутација на потенцијални кандидати за вработување кои ќе се отстапат кај Работодавач корисник:**
   - Име и презиме
   - Адреса на живеење или престојување
   - Општина/Град,
   - Работно место,
   - Податоци за претходно вработување,
   - Образование и други квалификации (Дипломи, уверенија за стекнато образование)
   - Телефонски броеви и е-маил адреси.

   Генерирани лични податоци:

белешки од интервјуто и/или резултати од тестирањето, рангирање на кандидатите.

## Како ги собираме вашите лични податоци

Во однос на собирање на вашите лични податоци, Контролорот ги собира на различни начини, и тоа почнувајќи од прибирање на вашите податоци директно од вас за време на процесот за вработување. Тука пред се, се мисли на информациите кои ги добиваме од вашето CV или мотивациско писмо, директно доставени до нас или преку нашата веб страна, белешките направени за време на интервјуто за вработување. Дополнително, податоци се собираат со увид во вашата документацијата и пополнување на сите потребни формулари за различни државни институции (АВРМ, ФЗО и други), податоци за вашата банка и податоци за вашето семејство (за цели на здравствено осигурување на член на Вашето семејство). Податоци собираме и од Работодавецот корисник кај кој сте отстапени да работите. Зависно од работното место, во одредени случаи, можно е да собереме податоци за вас од трети лица, како што се поранешни работодавци при собирање препораки.

Личните податоци се чуваат во досиејата на персоналот или во рамките на одделението за човечките ресурси и ИТ системите на Контролорот.

## Зошто ги обработуваме вашите податоци

Законот за заштита на личните податоци ни овозможува да ги обработуваме вашите лични податоци само за одредени причини, и тоа:

- за исполнување на договорните обврски кои произлегуваат од договорот за вработување,
- За исполнување на законските обврски,
- За исполнување на легитимните интереси на Контролорот,
- За заштита на вашиот интерес,
- За заштита на јавниот интерес.

Секоја обработка на личните податоци од наша страна спаѓа во една од дозволените причини. Контролорот главно се потпира на првите три причини, односно цели за обработка на вашите податоци. На пример, ние мораме да ги собираме вашите лични податоци, со цел:

- Исполнување на договорот за вработување односно договорот на дело што го склучивме со вас,
- Да се осигураме дека ќе бидете платени согласно договорот.

Секако мораме да ги собираме вашите лични податоци за да бидеме сигурни дека ги исполнуваме законските обврски, како што се:

- Да бидеме сигурни дека се платени сите применливи даноци и придонеси;
- Да извршиме проверка дали имате право за засновање на работен однос во Република Северна Македонија и

- Да направиме соодветни прилагодувања за вработените со попречености.

Ние, исто така, собираме податоци за да можеме да вршиме активности што се во легитимен интерес на Контролорот. Легитимните интереси се утврдени по овој редослед:

- Носење одлука кому да му понудиме вработување од кандидатите пријавени за работното место, внатрешно распоредување по сектори, унапредувања кај Работникот корисник, итн...;
- Донесување на одлуки за платата и други бенефиции;
- Обезбедување на договорни бенефиции за вас;
- Одржување на сеопфатна, ажурирана евиденција за персоналот, со цел да се осигури, меѓу другото, воспоставување на ефикасна коресподенција и одржување на соодветни точки за контакт во случај на некоја итност;
- Ефикасно следење на вашето однесување и ефикасност и преземање соодветни активности, доколку се појави таква потреба;
- Проценка за потребите за обуки;
- Ефективен менаџмент за боледувања и одмори;
- Управување со системот за законско отсуство од работа и плата, како што се породилно отсуство, неплатен одмор, итн...;
- Деловно планирање и реструктуирање;
- Водење правни постапки против нас;
- Спречување на измами;
- Осигурување дека нашите административни и ИТ системи се безбедни и сигурни против неовластен пристап;

## Посебни категории на лични податоци

Посебни категории кои ги обработуваме за Вас се:

- Здравствени податоци (во случај на користење на боледување заради остварување на права од здравствено осигурување и здравствена заштита)
- Етничка припадност (заради користење на верски празници);

Контролорот мора да обработуваме посебни категории на лични податоци во согласност со строгите законски и интерни правила на Контролорот. Најчесто, посебни категории на лични податоци се обработуваат кога се применува една од следниве правни основи:

- Сте дале изречна согласност за обработка;
- Мора да ги обработуваме податоците за исполнување на законски обврски;
- Мора да обработуваме податоци за заштита на суштинскиот јавен интерес;
- Тие податоци веќе сте ги објавиле во јавност.

Вашите посебни категории на лични податоци ќе ги користиме:

- За интерните процедури за отсуство на вработените од здравствени причини или заради користење на верски празици;
- За да се извршат разумни прилагодувања за лица со попречености;

Врз основа на законските прописи за заштита на личните податоци, не сме обврзани да обезбедиме ваша согласност за обработка на посебните категории на лични податоци со цел да ги спроведеме нашите законски обврски кои произлегуваат од прописите за работни односи, социјално и здравствено осигурување. Во зависност од целта на обработка, можно е во одредени ситуации да побараме ваша согласност за обработка на посебни категории на лични податоци. Во тој случај, ќе бидете целосно запознаени со причините за обработката. Како и во сите случаи каде правен основ е вашата согласност, и во овој случај ќе имате целосна контрола врз вашата одлука да дадете или не согласност и нема да има никакви последици доколку се одлучите да не дадете согласност за обработка на посебните категории на лични податоци. Согласноста која ќе ја дадете можете да ја повлечете во секое време, бесплатно, на ист начин како што сте ја дале претходно. Нема да има никакви последици од повлекувањето на согласноста.

## Споделување на вашите податоци

Вашите податоци ќе бидат споделени со вашите колеги кај Контролорот или кај Работадавачот корисник, само во ситуација кога е неопходно тие да ги извршат своите обврски. Тука се вклучени вработениот кој е надлежен за изготвување документација од обласста на човечки ресурси заради одржување на досиејата на вработените, одделението за финансиско работење заради изготвување на плата, вашиот непосредно претпоставен а со цел нормално функционирање на Контролорот.

Ние ги споделуваме вашите податоци со трети страни и тоа на правното лице кое Контролорот ќе го избере за за целите на безбедност и здравје при работа, како и на здравствената установа која Контролорот ќе ја избере за вршење на систематски прегледи.

Ние не вршиме пренос на Вашите лични податоци надвор од нашата држава.

## Безбедност на обработката на личните податоци

Контролорот ги презема сите технички и организациски мерки за да се осигуриме дека вашите податоци се заштитени од случајно губење или откривање, уништување или злоупотреба. За постигнување на таа цел, ние предвидовме и имплементиравме бројни процедури и политики за да ги заштитиме вашите податоци како што се: *Политика за заштита на личните податоци, Политика за пренос на податоци, Политика за пријава на нарушување на безбедноста на личните податоци и другите процедури.*

Работодавачот корисник ги има истите обврски за имплементирање на процедури и политики за обезбедување на безбедност на вашите лични податоци.

Кога ги споделуваме вашите податоци со трети страни, ние им обезбедуваме писмени упатства на обработувачите за да се осигураме дека вашите податоци се чуваат безбедно и во согласност со ЗЗЛП. Третите страни мора да спроведат технички и организациски

мерки за да се обезбеди сигурност на вашите лични податоци. При избор на обработувачи посебно внимание се обрнува на техничките и организациските мерки кои компаниите ги преземаат за заштита на личните податоци.

## Колку долго ги чуваме вашите податоци

Во согласност со начелата за заштита на личните податоци, ние ги обработуваме вашите лични податоци само онолку колку што ни е потребно. Во текот на времетраењето на вработувањето, вашите податоци се водат во евиденцијата на вработени, а по престанокот на работниот однос вашите податоци, во согласност со Законот за евиденции од областа на трудот, се чуваат како документ од трајна вредност. Во однос на другите податоци од вашето досие, периодот на чување на податоците може да варира, во зависност од тоа зошто ни се потребни вашите податоци.

## Автоматско донесување на поединечни одлуки

Контролорот нема да донесе ниту една одлука за вас само врз основа на автоматско донесување на одлуки (кога одлуката за вас се носи само со користење на електронски систем, без човечко влијание), кое што има значително влијание на вас како вработено лице.

## Вашите права врз вашите податоци

ЗЗЛП ви обезбедува одредени права во однос на вашите податоци кои ние ги обработуваме. Тие се:

- Правото да се биде информиран. Ова значи дека мора да ви кажеме како ги обработуваме вашите податоци и тоа е целта и на оваа Изјава за заштита на приватноста;
- Правото на пристап. Вие имате право на пристап до податоците што ги чуваме за вас. За да го направите тоа, треба да поднесете барање за пристап до личните податоци. Можете да прочитате повеќе за ова право во Политиката за пристап до лични податоци, која е достапна на *огласна табла, одделение за човечки ресурси;*
- Правото на исправка или дополнување на податоци. Доколку било кој податок е нецелосен или погрешен, вие имате право и можност да го исправите или дополните. Согласно Законот за евиденциите од областа на трудот, вие како вработен имате рок од 15 дена да не известите за било какви промени на вашите податоци кои влијаат на квалитетот на податоците;
- Право на бришење на податоци. Доколку сакате да престанеме да ги обработуваме вашите податоци, вие имате можност и право да поднесете барање за бришење на податоците, доколку сметате дека нема причина или законска обврска за да продолжиме да ги обработуваме истите;
- Право на ограничување на обработката. На пример, доколку сметате дека некои податоци за вас се неточни, ние ќе престанеме со обработка на тие податоци (но, истите се уште ќе бидат кај нас) се до моментот додека се утврди дека истите се дополнети или исправени;

- Право на пренос на податоци. Вие имате право да ги пренесете вашите лични податоци за ваши лични цели. Ние сме должни да ви ги дадеме во формат кој ќе биде употреблив за вас за таа цел, доколку е тоа возможно технички;
- Право на приговор за обработка на одреден личен податок за вас. Вие имате право на приговор на начинот на кој ги користиме вашите податоци, кога истите ги користиме за исполнување на наш легитимен интерес;
- Право на регулирање на било какво автоматско донесување на одлуки и профилирање на вашите лични податоци. Вие имате право да не бидете субјект на автоматско донесување на одлуки кога тоа негативно влијае на вашите права.

Кога сте дале согласност за обработка на вашите лични податоци, вие имате право да ја повлечете таа согласност во секое време. Повлекувањето на согласноста значи дека ќе престанеме да ги обработуваме вашите лични податоци за кои претходно сте ни дале согласност да ги обработуваме. Нема да има никакви последици од повлекувањето на согласноста. Меѓутоа, можно е во одредени ситуации да продолжиме да ги обработуваме вашите податоци и по повлекување на согласноста, доколку за истото имаме оправдана легитимна цел за обработување.

Доколку сакате да искористите некое од горенаведените права, ве молиме контактирајте го Офицерот за заштита на личните податоци.

## Пријави повреда на личните податоци

Надлежен надзорен орган во Република Северна Македонија за заштита на личните податоци е Агенцијата за заштита на личните податоци. Доколку сметате дека ви е повредено одредено право предвидено во прописите за заштита на личните податоци, можете да поднесете пријава во АЗЛП.
Линк: https://dzlp.mk/node/3274

## Офицер за заштита на личните податоци

*Контакт информации*
*Љубица Теовска Крстевска*
*ул. Стојка Цекова бр. 62, Скопје*
*Р. Северна Македонија*
*Е-маил: fortunaskt@fortunaskt.mk*

## Завршни одредби

Со денот на донесувањето, оваа изјава се објавува на огласната табла во Контролорот.

Датум: 06.11.2025г.